Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 26.08.2024

Денеска (26.08.2024) во 00.45 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.П.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Н.(31) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 08.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода О.А.(20) од Косово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 20.10 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.С.(46) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 13.55 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и боксирач. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 12.50 часот во с.Глуводо, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.А.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 02.20 часот на бул.„Трета македонска ударна бригада" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Б.А.(22) и А.А.(24), двајцата од с.Романовце, кумановско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 01.30 часот на ул.„27 Март" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода Р.Л.(37) од с.Горно Јаболчиште, општина Чашка, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (26.08.2024) во 03.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Х.(47) од Република Турција затоа што кај него биле пронајдени и одземени пиштол „јавуз 16 компакт" и рамка со 15 куршуми 9 мм. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 14.50 часот на Граничниот премин Богородица, полициски службеници го лишиле од слобода Е.Ц.(27) од Република Албанија затоа што при извршена пасошка контрола и проверки било констатирано дека евидирал со марка „апси" по барање на Интерпол, Луксембург. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 25.08.2024 околу 14.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионален пат Тетово - Гостивар, во с.Калник, тетовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.И.(46) од с.Ново Село, тетовско и патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ј.А.(62) од с.Пршовце, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатниците во возилото „сеат", М.И.(46) и малолетник, додека со телесни повреди се здобиле возачите А.И. и Ј.А. и сопатниците во возилото „сеат" Д.С.(23) и Е.Г.(26), констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Тетово.

Денеска (26.08.2024) во 01.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Бутелска" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди а7" со германски национални ознаки, управувано од С.А.(54) од с.Грчец, скопско и мотоцикл „конда" со скопски регистарски ознаки, управуван од Љ.Т.(20) од с.Љубани, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.08.2024 во 07.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„4"во с.Ржаничино, скопско, патничко возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.М.(31) од с.Петровец, удрило во малолетен пешак од с.Ржаничино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатиран во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.08.2024 во 22.45 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат кој води за с.Речица, кумановско, мотоцикл со кумановски регистарски ознаки, управуван од Ф.Н.(36) од Куманово, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 25.08.2024 во 19.00 часот во ОВР Струга било пријавено дека на регионалниот пат Подмоље - Струга, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(36) од с.Батинци, скопско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајца малолетни сопатници, додека со телесни повреди се здобиле сопатниките Н.З.(27), малолетник и возачот, констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Струга.

На 25.08.2024 во 12.20 часот во Полициската станица Центар, А.Ф.А.(42) од Шпанија пријавила дека на плоштад „Македонија", нејзиниот малолетен син бил каснат од куче.

На 25.08.2024 во 23.45 часот во Полициското одделение Осломеј, М.Б.(40) од село Осломеј, кичевско, пријавил дека во село Осломеј бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Д.(52) и Е.И.(41), двајцата од Штип, поради постоење основи на сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". Во текот на август 2024 година пријавените набавиле хероин, кој го закопале кај место викано „Шунска кука" на патот за с.Шашаварлија, штипско, а кој по преземени мерки бил пронајден и одземен од полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип.

Денеска (26.08.2024) околу 12.25 часот во с.Кучевиште, општина Чучер Сандево, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запреле и извршиле контрола на товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(33) од с.Сингелиќ, скопско. При контролата било утврдено дека возилото не поседува лиценца за јавен превоз и дека му е истечена важноста на тахографскиот уред, додека пак возачот не поседувал возачка дозвола. На возачот му е издаден записник за констатиран прекршок по член „225 став 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а од Државниот инспекторат за транспорт дополнително ќе му биде изречена глоба за истечена важност на тахографскиот уред и непоседување лиценца.

На 25.08.2024 околу 07.30 часот на автопатот Граничен премин Табановце – Куманово, полициски службеници од Полициската станица за гранични надзор и граничен премин Табановце го лишиле од слобода Н.Т.(39) од Република Србија затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и претходно на граничниот премин со патничко возило „нисан" со српски национални ознаки поминал на лентата за автобуси и не застанал на пасошка контрола. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекугранично криминал, миграции, странци и реадмисија Куманово за понатамошна постапка. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 13.15 часот на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, на излез од државата, поради пречекорен престој, полициски службеници го привеле Д.Х.М.М.(24) од Ирак. Лицето било предадено на полициски службеници од Одделението за прекугранично криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 25.08.2024 во 15.00 часот на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, на излез од државата, поради пречекорен престој, полициски службеници го привеле В.П.(24) од Црна Гора. Лицето било предадено на полициски службеници од Одделението за прекугранично криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 25.08.2024 во 12.20 часот на Железничка станица Криволак, при запирање на товарен воз кој сообраќал на релација Граничен премин Богородица – Граничен премин Табановце, полициски службеници од Полициската станица Неготино пронашле пет лица мигранти од Мароко. Мигрантите биле предадени на полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово за понатамошна постапка.

На 26.08.2024 во 06.10 часот кај с.Скокивца, гевгелиско, при проверка на товарен воз кој сообраќал на релација Граничен премин Богородица до с.Трубарево, скопско, полициски службеници од Полициската станица за гранични надзор и граничен премин Богородица пронашле две лица мигранти, кои биле предадени во прифатно – транзитен центар во Гевгелија.

На 24.08.2024 во 22.30 часот, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода П.К.(41) од с.Олевени, битолско и Т.В.(43) од Битола, постапувајќи по претходна пријава дека околу 20.50 часот во с.Олевени пукале од огнено оружје. Полициски службеници извршиле увид и на местото биле пронајдени седум чаури од пиштолска муниција. Подоцна, од Т.В. бил одземен пиштол калибар 9мм, рамка за пиштолот, куршуми со калибар 9 мм и чаура. По целосно расчистување и документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

Денеска (26.08.2024) во 05.10 часот, полициски службеници од ОВР Берово го лишиле од слобода М.К.(23) од Берово затоа што пред угостителски објект физички нападнал еден од полициските службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во СВР Скопје било пријавено дека околу 02.10 часот на подрачјето на Центар во Скопје, непознато лице физички ги нападнале М.Б.(20) и Д.С.(19), двајцата од Скопје, а со тврди предмети го оштетиле и возилото „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувале. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Денеска (26.08.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје, А.Б.(68) од Скопје пријавил дека околу 00.45 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2024 во 15.45 часот во СВР Скопје, А.Б.(48) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Џ.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2024 во 19.20 часот во СВР Скопје, Ѓ.М.(41) од с.Долно Количани, скопско, пријавил дека на 23.08.2024 околу 18.40 часот во селото, неговиот малолетен син бил физички нападнат од К.С.(40). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.08.2024 во 10.30 часот во Полициската станица Прилепчто, Д.К.(68) од Штип пријавил дека во С.Кунино, прилепчтско, при чистење на ѓет пронашол два неиспукани куршуми. Полициски службеници ги подигнале куршумите за понатамошна постапка.

На 25.08.2024 во 23.20 часот во СВР Скопје, Д.А.(44) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот на подрачјето на општина Аеродром, двајца малолетници со закана одзеле пари од неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред станбена зграда на подрачјето на Бит Пазар бил пронајден починат И.Ф.(66) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

36 – годишна жена од скопско во СВР Скопје пријавила дека на 27.07.2024, Р.Ж. од Скопје, додека ја возел нејзината малолетна ќерка (17) кон дома со неговото возило, која го познавала од порано, ја гушнал и бакнал нејзината ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2024 во 23.30 часот во ВР Македонски Брод, П.Д.(67) од Македонски Брод пријавил дека на ул.„Партизанска " во Македонски Брод бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(29) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 29.02.2024 во С.Ангелци, струмичко, полициски службеници извршиле преглед над друго лице, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавил од пријавениот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.Ј.(33) од Штип, Р.Е.(39) од Битола и С.К.(37) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". Пријавените, осудениот во Казнено – поправната установа Затвор Штип набавуваат марихуана. Во август 2023, полициски службеници извршиле преглед над Е.Ј., при што била пронајдена и одземена марихуана, а исто така и во близина на теретената во установата била пронајдена и одземена марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.К.(33) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дели „загрозување на јавно сообраќајот на патиштата и „неовластено изработување, држење, посредување и трговање со оружје или распрскувачки материи". На 31.07.2024 во домот на неговата поранешна девојка, пријавениот упатувал закани со пиштол кон неа и нејзината мајка, а од извршен преглед кај него бил пронајден и одземен пиштол ЦЗ 7,65 со празна рамка, додека во возилото кое го управувал била пронајдена и одземена кутија со куршуми калибар 7.65мм.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.К.(28) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 21.06.2024 во Прилеп, пријавената физички нападнала полициски службеник кој извршувал службени дејствија.